# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА ВО 2022

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ

# ЗА ЕСЕ

Здружението ЕСЕ е граѓанска организација која работи на подобрување на имплементацијата на социјалните и економски права на ранливите групи на граѓани, преку нивно зајакнување, мобилизирање и вклучување во планирањето, спроведувањето и оценувањето на јавните политики и услуги во Р. Македонија.

ЕСЕ се води од својата посветеност кон решенија на проблемите. По пат на промовирање и унапредување на човековите права ја подобруваме социјалната и економската правда, притоа сметајќи дека правата на човекот претставуваат неделив збир од стандарди што треба сите да ги уживаат. Посебно сме посветени на работата на полето на промовирање и унапредување на здравствените права и правата на жените. Затоа сме фокусирани на две цели – да излеземе во пресрет на итните потреби на граѓаните, посебно на ранливите групи, и да влијаеме при креирањето на одржливи, долгорочни промени. Правиме многу повеќе од документирање, пријавување и осуда на нанесените неправди. Обезбедуваме правна и параправна помош и на тој начин им овозможуваме на граѓаните да ги остварат своите права и да ги променат условите во кои живеат. Но, уште повеќе, се застапуваме за менување на законите и политиките што влијаат врз спроведувањето на здравствените права и правата на жените. Застапуваме на национално, но, и на меѓународно ниво. Подготвуваме и поднесуваме „извештаи во сенка“ и други видови документи за спроведување на меѓународните документи за правата на човекот пред одговорните меѓународни тела.

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| 1 | ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 4 |
| 2 | ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 8 |
| 3 | УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА | 12 |
| 4 | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ | 16 |



# 1

# ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ПЛАНИРАЊЕ, СПРОВЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА, БУЏЕТИ И УСЛУГИ ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

## ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИТЕ ВО 2022 ГОДИНА

Во 2022 година се нотираат истите бариери и проблеми по однос на пристапот на жените до здравствените услуги за женско репродуктивно здравје. Во Македонија егзистира проблемот со недоволен број на матични гинеколози и нивната несоодветна територијална распореденост. Иако во 2022 година се бележи зголемување на бројот на матични гинеколози на национално ниво, сепак недостасуваат 95 матични гинеколози за да биде исполнет критериумот согласно Уредбата за мрежата на здравствен установи, согласно на која потребно е да има еден матичен гинеколог на 3. 000 жени. Согласно на моменталната состојба на национално ниво има еден матичен гинеколог на 4. 755 жени на возраст над 15 години. Дополнителен проблем претставува географската нееднаквост во однос на дистрибуцијата на матични гинеколози, па така се уште над 40 општини се без матичен гинеколог. Опфатот на жените со Програмите за скрининг на рак на грлото на матката во 2022 година се уште не е на задоволително ниво. Институтот за јавно здравје во 2022 година го објави извештајот за спроведување на програмата за скрининг на ракот на грлото на матката за 2021 година. Во 2021 година со скрининг на рак на грлото на матката се опфатени 22% од целната група на жени на возраст од 24 – 35 години. Иако се бележи пораст во опфатот на жените за разлика од 2020 година (кога изнесуваше само 5,6%) сепак опфатот од 22% е на незадоволително ниско ниво и е далеку под опфатот со овој вид на скрининг во европските држави, каде изнесува над 75%. Истражувањето кое го спроведе ЕСЕ во ромските[1] и руралните[2] средини покажа доста низок опфат на ранливите категории на жени со Програмата за скрининг на ракот на грлото на матката. Имено за период од четири години (од 2018 до 2021 година), само 12% од жените Ромки и 26% од жените од рурални средини биле опфатени со Програмата за скрининг на ракот на грлото на матката. Опфатот на жените со Програмата за скрининг на ракот на дојката останува на незадоволително ниско ниво. Истражувањето на ЕСЕ покажа дека во периодот од 2015 до 2022 година само 12% од руралните жени и 2% од жените Ромки добиле покана за мамографски преглед согласно на програмата.

Особено уназадување е нотирано по однос на опфатот на жените со посети од страна на патронажни сестри за време на бременоста и по породувањето. Условите наметнати од пандемијата, меѓутоа и фактот што патронажните сестри беа ангажирани во процесот на вакцинација на населението против Ковид-19 значително влијаеше врз опфатот и квалитетот на услугите од страна на патронажните сестри. Истражувањето што го спроведе ЕСЕ во 2022 година, покажа дека во периодот од ноември 2019 година до ноември 2022 година само 31% од жените Ромки и 60% од жените од руралните средини биле посетени од страна на патронажна сестра по породувањето. Значајно е да се напомене дека дел од жените услугите од патронажните сестри ги добиле преку телефон, што секако негативно влијае врз квалитетот на добиената услуга.

Загрижува состојбата што до крајот на 2022 година Државниот завод за статистика не ги објави податоците по однос на доенечката смртност во Македонија за 2021 година, иако овие податоци во претходните години беа редовно објавувани. Поради тоа јавноста и

[1] Податоците од истражувањето во ромските средини се содржани во публикацијата на ЕСЕ „Кога животот на маргините го одредува здравјето“

[2] Податоците од истражувањето во руралните средини се содржани во публикацијата на ЕСЕ „Кога местото на живеење го одредува здравјето“

заинтересираните страни немаат увид по однос на состојбата со доенечката смртност, што е особено значаен индикатор за здравствената заштита на мајките и децата во државата.

Во 2022 година Владата ја усвои Стратегијата за Ромите за периодот 2022 - 2030 година, меѓутоа се уште не е усвоен Националниот акционен план за унапредување на здравјето на Ромите. Претходниот Национален акционен план за здравје на Ромите се однесуваше за периодот 2015 - 2020 година, па согласно на овој податок веќе трета година Владата нема план за спроведување на активности што треба да водат кон унапредување на здравјето на Ромите во Македонија. Во 2021 година по заминувањето на матични лекари од општината Шуто Оризари, меѓу кои и единстваната матична докторка која обезбедуваше здравствена заштита за деца на возраст од 0 (нула) години, околу 4.000 возрасни лица и 1.200 деца Роми останаа без матичен лекар во текот на пандемијата. Во почетокот на 2022 година проблемот беше делумно надминат со тоа што во општината беше отворена нова ординација со матичен лекар, меѓутоа по неколку месеци истата беше затворена. Така да на крајот од 2022 година во општината Шуто Оризари работат само седум матични лекари, а соодносот изнесува еден матичен лекар на 3. 500 жители, што претставува значително отстапување од предвидениот број на еден матичен лекар на 1.000 жители согласно на Уредбата за мрежата на здравствени установи. Во почеток на 2022 година општината Шуто Оризари ја напушти единствениот матичен гинеколог кој работеше во општината. Жените Ромки повторно останаа без примарна здравствена заштита до крајот на 2022 година, кога беше отворена нова ординација со матичен гинеколог во општината.

Во 2022 година ЕСЕ преку истражувањето ги утврди и проблемите со кои се соочува руралното население во однос на пристапот до примарна здравствена заштита. Оддалеченоста од ординациите на матичните лекари, стоматолози и гинеколози, од аптеките како и од останатите здравствени услуги на примарно ниво претставуваат клучна бариера за соодветна и навремена здравствена заштита на ова население. Земајќи ги во предвид природата на работата на руралното население (земјоделство), старосната структура, недостигот од редовен јавен превоз, пристапот до примарна здравствена заштита претставува вистински предизвик за ова население. За да пристапат до здравствените услуги потребно е да се изложат на дополнителни трошоци, потребна им е помош од трети лица, како и одвојување на значително дополнително време з за разлика од населението што живее во урбаните средини.

Покрај неповолните состојби по однос на здравствената заштита на жените, мајките и децата, Владата на Р. С. Македонија го намали буџетот за клучните превентивни програми за овие групи од населението. Буџетот на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2023 година изнесува 17 милиони денари, за разлика од 2022 година кога изнесуваше 19 милиони денари. Буџетот на Програмата за рана детекција на малигни заболувања, каде се предвидени и скрининг Програмите за рак на дојка и рак на грло на матка за 2023 година изнесува 23.5 милиони денари, за разлика од 2022 година кога изнесуваше 25.5 милиони денари. Кратењето на буџетските средства за превентивна здравствена заштита ќе има сериозно негативно влијание врз пристапот до здравствена заштита, како и здравјето на жените, мајките и децата.

**НАЈЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА ПО СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ**

***Во 2022 година работевме на градење на капацитетите на мрежата на ГО од земјата и регионот, односно Европската мрежа на практичари за социјална отчетност и правно зајакнување, чиј секретаријат го води ЕСЕ***

- Па така, спроведовме обука за применување на методологијата на социјална отчетност за ГО од нашата земја, Србија, Црна Гора и Романија
- Подготвивме и два модули за обука што се поставени на веб страната на Европската мрежа на практичари
- Одржавме и еден вебинар на кој беа поканети практичари од целиот свет, односно членови на светската мрежа на практичари на тема "Влијанието на кризата врз здравствените услуги за жените, вклучувајќи ги ранливите групи на жени "
- Го подготвивме и издадовме првиот билтен на Европската мрежа на практичари

***Оваа година ја посветивме на собирање на податоци и спроведување на истражувања во Ромските и руралните заедници***

- Спроведовме истражување во ромската заедница по однос на користењето на примарната здравствена заштита од страна на Ромите и од населението што живее во руралните средини
- Го истражувавме и здравјето на мајките и децата, како и состојбите по однос на менталното здравје
- Во истражувањето на прашањето на ментално здравје соработувавме со истакнати европски експерти за менталното здравје на Ромите
- Собравме податоци и за еколошките ризици и нивното влијание врз животната средина и здравјето на Ромите
- Ја тестиравме корисноста и применливоста на Водичот на СЗО за вклучување на заедницата во следење на контакти во ромските средини

***Континуирано го следевме спроведувањето на превентивните здравствени програми***

- Подготвивме три извештаи за следење на две превентивни програми за скрининг на рак на грлото на матката и рак на дојката и еден извештај за следење на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата

***Учествувавме на низа значајни национални и меѓународни настани и дадовме свој придонес***

- Учествувавме во процесот на подготовка на Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030
- Како член на Европската мрежа за здравје на Ромите учествувавме во подготовка на Препораки за унапредување на спроведувањето на стратегиите за инклузија на Ромите во земјите членки на ЕУ и земјите кандидати
- Подготвивме и извештај во сенка кон Конвенцијата за правото на детето, по однос на здравјето на детето и на трудниците
- Дадовме придонес во консултативниот процес за подготовка на програмата за мајка и деца за 2023

# 2

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКОВ ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО ОБЛАСТИТЕ НА СОЦИЈАЛНИ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

**ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИТЕ ВО 2022 ГОДИНА**

Во 2022 година нема подобрување на политичките, економските и социјалните околности што негативно се одразуваат врз состојбите со човековите права и пристапот до правда во нашето општество. Сеуште не е усвоен национален акционен план за имплементација на одржливата развојна цел за пристап до правда, а истовремено продолжува практиката на продуцирање на закони и политики што се однесуваат на ранливите групи на граѓани, без создавање на основните предуслови за нивното спроведување во пракса, односно не распределба на потребните финансиски и човечки ресурси.

Ваквиот однос од страна на Владата, надлежните министерства и институции резултира во тренд на влошување на состојбите на одделни ранливи групи на граѓани, како што се жените што претрпеле семејно насилство. Наспроти усвојувањето на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, нема подобрување на институционалниот одговор кон овој сериозен општествен проблем. И покрај законските обврски за планирање на буџетски средства за спроведување на превентивни активности и подигање на свесноста во однос на семејно насилство[3], надлежните министерства како што се МТСП, МВР, МЗ и МП воопшто немаат обезбедено средства за информирање на јавноста и системско градење на капацитетите на практичарите од ЦСР, полиција, судови, обвинителство, здравствени установи и др. Отсуството на превенција резултира во голем број на кривични дела (809), прекршоци (284) и поплаки (3131) во врска со семејното насилство (период јануари – септември 2022 година). Истовремено, евидентирано е негативна пракса во постапување на Центрите за социјални работи каде што случаите на семејно насилство се третираат како нарушени брачни односи и жените не само што не ја добиваат потребната услуга, туку и дополнително се виктимизираат со тоа што од нив се бара заедно со насилникот и децата да работат на подобрување на нивните односи. Во исто време нема подобрување ниту во пристапот до бесплатна правна помош, односно користењето на правото на ослободување од плаќање на трошоците во постапките што пред надлежните судови ги водат жените за разрешување на насилството.

Во 2022 година граѓанските организации продолжија да го надоместуваат недостатокот на потребните услуги за ранливите групи на граѓани, меѓутоа загрижува непрепознавањето на нивната значајна улога од страна на носителите на одлуки во извршната власт. Продолжува практиката на декларативно, а не суштинско вклучување на ГОи во процесите на донесување на одлуки, додека истовремено отсуствува соодветна финансиска поддршка за услугите што истите ги обезбедуваат на локално и национално ниво.

Забележано е подобрување на работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) во однос на постапувањето по поднесените претставки за заштита од дискриминација, меѓутоа непочитувањето на законските одредби за финансиска независност на ова тело од страна на Министерството за финансии и Собранието го оневозможува извршувањето на проширените законски надлежности во однос на подигањето на јавната свест, како и подобрување на примената на меѓународната и националната правна рамка за заштита на човековите права.

[3] Членот 27 од Законот предвидува дека надлежните министерства треба да планираат буџетски средства за превенција и подигање на свесноста во јавноста.

**НАЈЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА ПО СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ**

***Зајакнувајќи ги капацитетите на парапправниците и младите правници работевме на обезбедување на ефективна правна заштита за разрешување на правните проблеми на ранливите групи на граѓани***

- Подготвивме два е- модули за обука на парапправниците
- Обучивме 12 млади правници за начините на разрешување на правните проблеми поврзани со семејното насилство

***Обезбедивме докази за потребите на граѓаните во однос на олеснување на пристапот до правда***

- Подготвивме анализа за корист а и придобивките од обезбедување на бесплатна правна помош за 2021 година
- Со помош на жените ги утврдивме трошоците со кои тие се соочуваат при водење на потребните судски постапки
- Издршката на децата, односно нивните потреби и износот определен од страна на судот исто така беше предмет на анализа
- Го проширивме полето на истражување, односно започнавме со собирање на податоци за загубената работа и намалување на приходите на жените, здравствените трошоци, трошоците поврзани со промена на местото живеење и сите останати трошоци, со кои се соочуваат жените како резултата на семејното насилство

***На жените што претрпеле семејно насилство продолживме да им ја обезбедуваме потребната правна и психолошка помош***

- Обезбедивме правна помош на 170 и психолошка помош на 44 лица
- Застапувавме 10 жени во иницирање и водење на потребните судски постапки

***Ги застапувавме интересите на жените што претрпеле семејно насилство***

- Подготвивме извештај во сенка кон Истанбулската конвенција во соработка со Коалиција Маргини, Отворена порта и Меѓународната правна инцијативата на Универзитетот во Единбург
- Преку националниот процес на Отворено Владино Партнерство застапувавме за подготовка на правилници за собирање на податоци за родово-засновано насилство
- Дадовме придонес во однос на менување на Кривичниот законик и менување на пракса на постапувањето на Центрите за социјална работа во случаи на семејно насилство
- Организиравме форум со претставници на Министерството за правда и судиите од Основниот суд во Скопје, Велес и Радовиш за унапредување на граѓанско-правната заштита на жените
- Учествувавме во тркалезни маси организирани од Комитетот одговорен за мониторинг на спроведувањето на Истанбулската конвенција со цел оценување на постапување на државните институции и правосудството
- Организиравме обука за 24 полициски инспектори и униформирани службеници и ги зајакнавме нивните знаења и вештини за подготовка на проценка на ризик и обезбедување на мерки за заштита на жените, како и поефективно спроведување на кривичната постапка за сторени кривични дела како резултат на семејно насилство

***Заедно со жените што претрпеле семејно насилство работевме на нивно економско зајакнување и обезбедување на средства за обезбедување на правна помош преку социјалното претпријатие ПОГОН***

- Спроведовме проценка на потребите за едукација на жените и врз основа на неа одржавме повеќе обуки со кои жените стекнаа вештини, вклучувајќи и з за развој на бизнис и менаџмент

***Продолживме да работиме на јакнење на капацитетите на формалните институции кои се вклучени во обезбедувањето на пристап до правда за граѓаните***

- Во рамките на Мрежата за заштита од дискриминација заедно со ХОПС подготвивме извештај за работата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и препораки за подобрување на работата на ова тело и ефективно спроведување на Законот



# 3

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕКОНОМСКИ ПРАВА

**ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИТЕ ВО 2021 ГОДИНА**

Во 2022 година, покрај редовните активности на ЕСЕ, посветено работевме на развивање на регионална мрежа на организации што партнерски ќе работат на унапредување на транспарентноста, отчетноста и отвореноста на процесите на донесување на одлуки во областа на социјалните и економските права, и меѓусебно ќе ги унапредуваат своите капацитети и споделуваат искуства за примена на иновативни методологии и пристапи во своето работење. Дополнително, оваа година, посветено работевме на развивање на Мрежата на ГОи што се вклучени во процесот на ОВП на национално ниво. Во таа насока развивме низа на прирачници и материјали и спроведовме низа на обуки, а со цел да создадеме ресурси кои ќе и помогнат на мрежата активно да го следи напредокот во спроведувањето на акциите преземени во рамки на ОВП, како и активно да учествува во спроведување на истите. Покрај ГОи, работевме и на јакнење на капацитетите на јавните институции што работат на ОВП за нивно запознавање со процесот и постапките, и обврските кои произлегуваат од истиот, како и поттикнување на соработка со ГОи во спроведување на планираните акции.

И покрај малиот напредок на земјата во насока на спроведување на реформи во владеењето на правото и унапредување на демократијата, Република Северна Македонија сеуште се соочува со значајни предизвици. Политичката контрола на јавниот сектор, корупцијата во судската и извршната власт, изолацијата и политизацијата на надзорните органи, и неефикасноста на јавната администрација се клучните ограничувања за постигнување на повисоко ниво на демократија и економски развој.[4] Сево ова пред се заради ниското ниво на доверба во можноста за промени, непознавањето и неразбирањето на информациите и податоците што се пласираат на јавноста, и конечно заради неможноста јавноста да учествува во просеци каде ќе може да го искаже своето мислење и тоа мислење да биде усвоено од јавните институции. Според извештајот на Европската комисија за РСМ за 2022 година, граѓанското општество продолжува да игра важна улога во процесите на донесување одлуки и во следењето на активностите на државата. Сепак, потребни се напори за подобрување на транспарентноста во креирањето на политики и инклузивноста на консултативните процеси. Правните и финансиските рамки сè уште треба да се подобрат и имплементираат во пракса. Како и да, учеството на граѓанските организации во процесите на донесување на одлуки во пракса се применува само во оние случаи каде треба да се прикаже одредено ниво на соработка, и во одредени случаи само до ниво на прибирање на информации. Сепак, суштинското партнерство со ГОи во РСМ е на исклучително ниско ниво. Во таа насока говорат и податоците дека во 2022 година беа скратени средствата во буџетот на РСМ за ГОи, и Советот за соработка со ГОи не функционираше.

Во ноември 2022 година, Државната комисија за спречување на корупцијата ја прослави 20 годишнината од своето основање и функционирање. Како и да, и покрај инвестирањето во развојот на нејзините капацитети и унапредување на процесите за идентификување на коруптивни практики и иницирање на постапки за решавање на корупцијата, овој орган е сеуште "неважен" во целиот државен систем. Четири од 10 млади

[4] Текстот е преземен и усогласен од Прегледот на состојбите со корупцијата и мерките за борба против истата за РСМ (North Macedonia: Overview of corruption and anti-corruption (u4.no))

сакаат да се иселат од државата токму заради втемелена корупција во општеството и недовербата во системот за промени.[5]

Во 2022 година, нема позначајни промени во областа на уредувањето и унапредувањето на транспарентноста, отчетноста и отвореноста на јавниот систем. Продолжија да се спроведуваат, Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со акциски план за нејзино спроведување 2021-2025; Планот за борба против корупција - Акција 21; Стратегијата за јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот, за периодот- 2021-2023 година со акциски план; законите за спречување на корупцијата и судирот на интереси (последна измена во 2019), слободен пристап до информации од јавен карактер (последна измена во 2019), јавни набавки (последна измена во 2021) итн. Како и да е, и покрај спроведувањето на овие политики, во пракса не се забележани значајни промени.

Особено е важно да се истакне дека успешните приказни што беа забележени во 2020 година (за што зборувавме во извештајот на ЕСЕ за таа година) во изминатите две години не продолжија да се развиваат со ист интензитет и ентузијазам, и како такви останаа како добар пример од минатото. Односно, чекорите што Владата на РСМ ги презеде во 2020 година како што се порталот за финансиска транспарентност поврзана со трошењата, донациите и набавките направени со цел справување со пандемијата предизвикана од Ковид-19 и платформата за отворени финансии со вклучување на јавниот долг и трошењата на локалните самоуправи, во 2021 и 2022 година престанаа да се одржуваат и не обезбедуваат веродостојни податоци. Дополнително граѓанскиот буџет како алатка изгуби дел од своите функции.

Кога станува збор нивото на проактивна транспарентност според нашето истражување, во 2022 година во однос на претходните години нема разлики. Односно, и понатаму Министерството за финансии е единствена проактивно транспарентна институција која објавува најголем број на информации поврзани со буџетското и програмското работење на институцијата. Дополнително, повеќе од половина од институциите обезбедуваат само дел од значајните информации, а општините што се предмет на наше следење и понатаму се нетранспарентни или пак објавуваат незначителен број на информации. Во 2022 година, нема промени во нивото на реактивна транспарентност на институциите чие работење го следи ЕСЕ. Оваа состојба ја потврдува и Open Budget Survey според кој, земјите во регионот на Југоисточна Европа и Централна Азија од 2008 до 2021 година бележат минимален напредок во однос на обемот на информации што се споделуваат со јавноста и по 15 години од спроведување на ова истражување во нашата земја институциите обезбедуваат само дел од потребните информации за јавноста.

Иако иницијативата за Отворено владино партнерство претставува една од најуспешните иницијативи за соработка помеѓу граѓанскиот и владиниот сектор на национално ниво, во чии рамки во 2021 година беше изработен план во пет област од работењето на извршната власт (корупција, транспарентност, јавни услуги, пристап до правда, и климатски промени), сепак на крајот на 2022 година речиси занемарлив е бројот на акции што се целосно реализирани. Голем е бројот на акции што се започнати, но не се завршени, а има акции што воопшто не се започнати.

---

[5] Analysis: 40% of Youth in North Macedonia claim that corruption motivates them to leave the country | Meta.mk

## НАЈЗНАЧАЈНИ ПОСТИГНУВАЊА ПО СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

***Работевме на зголемување на јавната свесност за значењето на фискалната транспарентност и потребата од буџетирање засновано на приоритети***

- Објавивме 229 информации на веб-страниците и социјалните медиуми на ЕСЕ преку кои допревме до 575.252 лица

***Го оценувавме степенот на фискална транспарентност и отчетност на институциите***

- Подготвивме три извештаи врз основа на наодите од оценување на новото на реактивна транспарентност на 70 јавни институции преку 1.690 барања за информации од јавен карактер за 2021 година, како и оценување на проактивна транспарентност на 25 јавни институции
- Ја оценивме економската ефикасност и ефективноста на 2.081 постапка за јавна набавка на 62 јавни здравствени установи за 2021

***Застапувавме за унапредување на нивото на фискална транспарентност***

- Членови сме на Управниот одбор на Националната мрежа на ГО што работи на ОВП, и вторпат по ред сме избрани за членови на Националниот форум на релевантни актери за ОВП.
- Спроведовме обука за 40 претставници на јавни институции и ГО вклучени во процесот на подготовка на планот за ОВП 2021-2023
- Заедно со ФООМ и Центарот за граѓански инцијативи го поддржавме процесот на спроведување и следење на планот за ОВП 2021-2023
- Го актуализираме прашањето на фискална транспарентност преку формирање на тематска група за фискална транспарентност во рамки на Европската мрежа на практичари за социјална отчетност, составена од 11 граѓански организации

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2022

| Приходи | износ во МКД |
|---|---|
| **Пренесен дел на вишокот на приходите од претходна година** | **6,652,883** |
| **Приходи од камати и курсни разлики** | **2,065** |
| **Приходи од донации, членарини, подароци и останато** | **36,752,422** |
| - ФООМ (Фондација Отворено Општество) | 22,186,353 |
| - Европска Комисија | 3,419,252 |
| - Kvina Till Kvinna | 2,024,693 |
| - Population Action International | 2,875,000 |
| - Светска Здравствена Организација | 4,471,313 |
| - CEProSard | 842,444 |
| - Останати приходи | 933,367 |
| **Вкупно** | **43,407,370** |

| Расходи | износ во МКД |
|---|---|
| - Расходи за материјални трошоци, услуги и амортизација | 2,427,775 |
| - Расходи за капитални и други средства | 435,778 |
| - Расходи за помош, донации и други средства | 2,540,000 |
| - Расходи за плати и надомест за плати | 8,829,752 |
| - Расходи за спроведување на програмски активности | 7,985,696 |
| **Вкупно** | **22,218,981** |

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ**

**www.esem.org.mk**